# ПРИЛОГ XII

## ОПИС НА ДРУГИ ПЛАНИРАНИ ПРЕВЕНТИВНИ МЕРКИ

СОДРЖИНА


XII.1. Спречување на инциденти и итно реагирање ........................................1

XII.1.1. Дефинирање на ризиците ........................................................1

XII.1.3. План за заштита на вработените, лица кои се затекнати кај нив и материјалните добра, како и одстранување на последиците од кризната состојба ........................................ 2

XII.1.4. Планови за постапка во случај на пожар и вонредни ситуации ......................................................................... 29

XII.2. Програма за управување со животна средина ....................................39

## XII.1. Спречување на инциденти и итно реагирање

Значењето кое го има депонијата Дрисла, особено за скопското подрачје, ја наметнува потребата од страна на Операторот за превземање на потребни мерки и активности кои имаат цел да делуваат превентивно во смисла на спречување на појава на инциденти и/или итно реагирање во случаи на нивно настанување.

Депонијата Дрисла претставува Инсталација каде главните активности се одвиваат на отворен простор, така што целокупната механизација, лицата кои се присутни на депонијата заради изведување на редовните работи, лицата за надзор, за разни поправки итн. се изложени на влијанијата на природните непогоди: невреме проследено со силен ветер, поројни дождови, снег, удар на гром, магла, појава на земјотрес, појава на лизгање на земјштето, ниски и високи темпратури, опасност од појава на пожари во непосредната околина (во сушните периоди на годината) и др.

### XII.1.1. Дефинирање на ризиците

При дефинирањето на ризиците, земени се во предвид причините за настанување на истите, како и можните последици од настанување на незгоди. Во депонијата Дрисла тоа претставуваат следниве причини:

- Незгоди кои можат да настанат како резултат на природни непогоди,
- Незгоди кои можат да настанат како последица на несоодветна подготовка заработа, непочитување на упатствата за безбедно работење и некористење на сретствата за колективна и лична заштита за време на извршување на работните активности,
- Незгоди кои можат да настанат како последица на несоодветно одржување на опремата за работа и инсталациите.

Во самата Инсталација постојат следниве ризици :

- Ризик од елементарни непогоди,
- Ризик од појава на пожар (внатрешни и надворешни пожари)
- Ризик од неисправна електрична инсталација,
- Ризик од прскање на цевна инсталација, протекување на резервоари.

Со цел да се намалат опасностите за настанување на незгоди или да се ублажат последиците при евентуалните незгоди, Операторот редовно превзема соодветни техничко-технолошки и организациони активности кои се во негова надлежност, а се во согласност со законската регулатива.

Основен предуслов за превземање на соодветни превентивните мерки претставува запознавање на вработените (на сите нивоа) за опасностите од појава на инцидентни случаи, хаварии и несреќи.

XII.1.3. План за заштита на вработените, лица кои се затекнати кај нив и материјалните добра, како и одстранување на последиците од кризната состојба

Друштво за депонирање на комунален отпад
ДРИСЛА-СКОПЈЕ ДОО
Бр. 11-2455/1
11.06 2015 год.
Батинци, Студеничани

**Друштво за депонирање на комунален отпад**

**"ДРИСЛА" – Скопје ДОО**
**Батинци, Студеничани**

# План

## за заштита и спасување на вработените, лицата кои се затекнале кај нив и материјалните добра, како и одстранување на последиците од кризната состојба

**Изготвил:**

**Борче Трајановски**

**Скопје**

**Јуни 2015**

**Содржина:**

Вовед....................................................................................................2

Безбедност на работа и здравјето на вработените..............................6

Спроведени мерки за превенција од можни ризици
на депонија “Дрисла“...............................................................12

Депонирање на комунален отпад........................................................12

Спалување на медицински отпад.......................................................14

Намалување на опасностите за настанување на незгоди и
ублажување на последиците при евентуални незгоди......................16

Заштита и активности при природни непогоди................................17

Заштита и активности при појава на пожар.......................................17

Мерки за намалување на загадувањето
од штетните емисии во воздух.........................................................18

Управување и заштита на површинските води.................................18

Управување и заштита на подземните води......................................19

Управување и одложување на исцедокот...........................................19

Градежно – технички активности во врска со
стабилизација и санација на депонијата............................................19

Мониторинг на вода и воздух.............................................................21

Возила и механизација.........................................................................21

Видео надзор.........................................................................................22

Заклучок................................................................................................24

Прилог бр.1..........................................................................................25

Прилог бр.2..........................................................................................27

Прилог бр.3..........................................................................................29

Хидрантска мрежа во Дрисла- Скопје доо...........................................33

Мапа на хидрантската мрежа во Дрисла-Скопје доо..........................34

Поставеност на ПП апаратите во Дрисла-Скопје доо.........................34

Список на лица обучени за противпожарна заштита .......................36

Референци.............................................................................................38

**Вовед**

Собирањето на отпад во Градот Скопје е добро организирано. ЈП „Комунална хигиена" (КХС) го собира отпадот од девет општини од Градот Скопје и го транспортира до „Дрисла".

Со депонијата „Дрисла" управува претпријатието „Дрисла" доо-Скопје (познато и како ЈП „Дрисла) уште од 1994год. Депонијата има проектиран век од 45 години, од кои преостануваат уште 29 години. Депонијата е градена во текот на четири години, од 1990 до 1994 год. Претпријатието „Дрисла" го формираше Собранието на Град Скопје во 1994 год. На почетокот на 2003 год. претпријатието е организирано како заеднички потфат со ЈП „Комунална хигиена". Ваквиот начин на работа остана во сила до 2009 год. кога претпријатието „Дрисла" почна да работи како независно претпријатие во јавна сопственост. ЈП „Комунална хигиена" е јавно претпријатие во Градот Скопје одговорно за собирање отпад, чистење улици, чистење септички јами, јавна хигиена и отстранување отпад од јавни простори. Постои договор „Дрисла" да прифаќа отпад од ЈП „Комунална хигиена".

Депонијата „Дрисла" е главната локација за депонирање за Градот Скопје. Таа се наоѓа 14 км југоисточно од Скопје и на север од с. Батинци и Маркова Река.



Сл.1 Депонија "Дрисла"[1]

[1] Физибилити студија за депонија „Дрисла", Август 2011год.

Депонијата „Дрисла“ има површина од 76 хектари. Од тоа, 55 хектари се наменети за депонирање. Депонијата е поврзана со Скопје со асфалтен пат широк седум метри. Главниот пат широк седум метри оди исток-запад низ Македонија и е приближно на 1300 метри јужно од депонијата.

Патот овозможува добри пристапни врски кон главните градови во регионот и врски со Скопје. Врската меѓу регионалниот пат и патот за пристап до депонијата е асфалтен пат широк 6 метри.




Сл.2 Сателитска снимка на депонијата “Дрисла“[2]

Депонијата е заградена со ограда висока два метри и со должина од околу 5400м. Депонијата е поделена на два дела и тоа: административно-технички дел и делот за депонирање на комуналниот отпад.

Во рамките на депонијата се изградени главни и помошни објекти со соодветна инфраструктура, со цел, нормално функционирање и работење на депонијата.

На сликата подолу се дадени објектите и нивниот распоред, кои се во функција на депонијата “Дрисла“.

---

[2] Физибилити студија за депонија „Дрисла“, Август 2011год.




Сл.3 Ситуација на постоечките објекти во рамките на депонијата

Обележаните објекти на сликата се:

1. Портирница
2. Паркинг
3. Вага за мерење на камионите со комунален отпад
4. Административна зграда
5. Управна зграда
6. Перална за камиони со магацин
7. Лабораторија
8. Затворена механичарска работилница
9. Бензиска пумпа со резервоар
10. Простор за времено складирање на старо железо
11. Простор за времено складирање на отпадни гуми
12. Отворена механичарска работилница

4

Во следната табела се наведени сите површини и објекти кои ги има депонијата за нормално функционирање:

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Површина (со решение за доделување на користење градежно земјиште за депонијата) | 76,3 ha |
| 2. | Пристапен пат до депонијата | 1.013м$^2$ |
| 3. | Административен простор | 340м$^2$ |
| 4. | Приемен простор со сообраќајници и паркинзи | 4.650м$^2$ |
| 5. | Гаража и работилница за тешка механизација | 260м$^2$ |
| 6. | Перална и работилница | 340м$^2$ |
| 7. | Камионска вага со командна просторија | 276м$^2$ |
| 8. | Магацин за гориво и средства за дезинфекција | 50м$^2$ |
| 9. | Далековод | 1.600м |
| 10. | Далековод за пумпна станица | 250м |
| 11. | Трансформатор за приемен манипулативен простор | 1парче |
| 12. | Ограда | 600м$^2$ |
| 13. | Пумпна станица за вода | 600м$^2$ |
| 14. | Столбен трансформатор за пумпна станица | 1парче |
| 15. | Резервоар за вода | 2парчиња |
| 16. | Потисен цевовод | 1.600м |
| 17. | Секундарна водоводна мрежа | 780м |
| 18. | Секундарна атмосферска и фекална канализација | 848м |
| 19. | Пристапни патишта во депонијата | 1.675м |
| 20. | Ограда од поцинкована мрежа | 3.848м |
| 21. | Постројка за согорување на медицински отпад | 1парче |
| 22. | Бензиска пумпа | 1парче |
| 23. | Резервоар за нафта | 8м$^3$ |
| 24. | Септик | 1парче |
| 25. | Таложник | 1парче |
| 26. | Филтерска призма | 3.000м$^3$ |
| 27. | Евакуатор и одводни канали за атмосферски води | 4.458м |

Табела1. Список на недвижности и површини на депонијата

Речиси сите домаќинства во скопскиот регион (освен Арачиново и Петровец) имаат формален систем за собирање и исфрлање отпад што главно го обезбедува „Комунална хигиена“ и помал број приватни претпријатија.

Познато е дека две општини (Арачиново и Петровец) исфрлаат отпад на диви депонии. Се претпоставува дека вкупниот отпад што го исфрлаат овие општини е 3.387 тони. Се препорачува овие две општини да ги користат новите депониски ќелии во „Дрисла" штом истите се завршат. Според информациите доставени од ЈП „Комунална хигиена", во 2009 год. се собрани 130.926 тони отпад од домаќинства, а во 2010 124.152 тони.

Записите за отпадот депониран преку вагата во депонијата „Дрисла" датираат од 1995 год. Според овие записи, обемот на отпад испорачан во депонијата „Дрисла" меѓу 1997 - 2010 год. варира меѓу 138.000 и 160.000 тони годишно. Вкупниот обем на цврст комунален отпад однесен на депонијата „Дрисла" (2009) изнесувал 148.663 тони (што е еднакво на 410 тони/ден), а во 2010 изнесувал 138.217 тони (или 379 тони/ден).[3]

**Безбедност на работа и здравјето на вработените**

Неспорно е дека секоја работа, во поголем или помал степен, носи ризик и опасност по здравјето и животот на работникот. Нашето Друштво обезбедува безбедност и здравје при работа за нашите вработени и лицата кои се затекнале од секој аспект поврзан со работата. Превземаме мерки потребни за безбедност и здравје при работа на вработените, вклучувајќи заштита од професионални ризици, обезбедување информации, потребни средства и превентивни мерки за остранување на ризичните фактори за несреќа во сите наши дејности и на сите нивоа на нашето Друштво.

За спроведување на мерките за безбедност и здравје при работа се водиме врз основа на следните начела:

- Избегнување на ризици,
- Проценување на ризиците кои не можат да се избегнат,
- Справување со ризиците на самиот почеток,
- Прилагодување на работата кон поединецот посебно во однос на карактеристиките на работното место и работната средина,
- Изборот на работни методи,
- Давање приоритет на колективните безбедносни мерки наспроти поединечните мерки,
- Обезбедување на соодветни упатства и инструкции како и известување на вработените,

[3] Физибилити студија за депонија „Дрисла", Август 2011год.

- Развивање на целосна безбедносна стратегија која опфа технологија, организација на работата, работни услови, меѓучове односи и фактори кои влијаат на работната средина,
- Донесување безбедносни мерки против пожар во согласност посебни прописи,
- Донесување мерки за прва помош и евакуација во случај опасност,
- Следење на здравствената состојба на вработените,
- Вршење редовни здравствени прегледи и вакцинација,
- Избор на личната заштитна опрема при работењето[4].

Во рамките на нашето Друштво формирано е одделение за технич подршка, безбедност и здравјето на вработените. Личната заштитна опр при работењето е во согласност со Нормативот за лични заштитни средст за вработените во нашето Друштво. Во тој Норматив е прикажано што треба да добијат вработените како лична и заштитна опрема на свое работно место и во кој временски период се обновува заштитната опрем изгледа вака:

1. Работник на депонија, дезинфектори и одржување на хигиенета кругот на Друштвото

- Летно одело..................................2 ком...................1 год.
- Зимско одело.................................2 ком...................1 год.
- Флуоресцентен елек (градник)......2 ком....................1 год.
- Летни чевли..................................1 пар...................1 год.
- Зимски чевли..................................1 пар...................1 год.
- Ракавици од тех. кожа......................................по потреба
- Кабаница за дожд...........................1 ком...................3 год.
- Гумени чизми................................ 1 пар...................1 год.
- Летна капа....................................1 ком...................1 год.
- Зимска капа...................................1 ком...................1 год.

2. Работник за собирање и транспортирање и согорување на медицинс отпад

- Летно одело...................................3 ком...................1 год.
- Зимско одело.................................3 ком...................1 год.

[4] Прирачник за Закон за Безбедност и Здравје При Работа, Скопје, Декември 2009год.

- Летни блузи....................................4 ком...................1 год.
- Зимски блузи..................................3 ком...................1 год.
- Летни чевли...................................1 пар....................1 год.
- Зимски чевли..................................1 пар....................1 год.
- Летни капи.....................................2 ком...................1 год.
- Зимски капи...................................2 ком...................1 год.
- Ракавици (специјални за мед.отпад)..................по потреба
- Заштитни визири (за согорување мед.отпад)...........10 ком.

3. Кафекуварка

- Мантил бел......................................1 ком...................1 год.
- Кломпи со гумен ѓон-бели..............1 пар...................1 год.

4. Работник во техничка служба

- Летно одело....................................1 ком...................1 год.
- Зимско одело..................................1 ком...................1 год.
- Летни чевли...................................1 пар...................1 год.
- Зимски чевли..................................1 пар...................1 год.
- Кожувче без ракави.........................1 ком...................1 год.
- Ракавици од техничка кожа................................по потреба
- Заштитна капа.................................1 ком..................1 год.
- Заштитен шлем.........................................на работно место

5. Електричар

- Летно одело.....................................1 ком..................1 год.
- Зимско одело...................................1 ком...................1 год.
- Летни чевли со гумен ѓон.................1 пар..................1 год.
- Зимски чевли со гумен ѓон................1 пар..................1 год.
- Кожувче без ракави..........................1 ком..................1 год.
- Заштитна капа..................................1 ком..................1 год.
- Електрични ракавици................................на работно место
- Летни блузи......................................2 ком.................1 год.
- Зимски блузи....................................2 ком.................1 год.

6. Чувар обезбедувач

- Летна чуварска униформа................1 ком..................1 год.
- Зимска чуварска униформа.............1 ком..................1 год.

- Летни чевли.....................................1 пар...................1 год.
- Зимски чевли...................................1 пар...................1 год.
- Летни кошули..................................2 ком..................1 год.
- Зимски кошули................................2 ком..................1 год.
- Кабаница за дожд....................................на работно место
- Зимска јакна....................................1 ком.................2 год.
- Летна блуза.....................................1 ком.................1 год.
- Зимска блуза....................................1 ком.................1 год.

7. Хигиеничарка

- Мантил............................................1 ком...................1 год.
- Кломпи со гумен ѓон........................1 пар...................1 год.
- Чизми кратки гумени........................1 пар...................1 год.
- Ракавици гумени................................................по потреба

8. Извршители на прием на отпад (вага)

- Летно одело.....................................1 ком...................1 год.
- Зимско одело...................................1 ком...................1 год.
- Летни чевли.....................................1 пар...................1 год.
- Зимски чевли...................................1 пар...................1 год.
- Зимска јакна....................................1 ком...................1 год.
- Летни блузи.....................................2 ком...................1 год.
- Зимски блузи...................................2 ком...................1 год.

9. Лабараторија

- Летно одело.....................................1 ком...................1 год.
- Зимско одело...................................1 ком...................1 год.
- Летни чевли.....................................1 пар.....................1 год.
- Зимски чевли...................................1 пар.....................1 год.
- Чизми гумени...................................1 пар.....................2 год.
- Ракавици гумени..................................................по потреба

10. Магационер

- Летно одело.....................................1 ком...................1 год.
- Зимско одело...................................1 ком...................1 год.
- Летни чевли.....................................1 пар.....................1 год.

- Зимски чевли....................................1 пар..................1 год.
- Кожувче без ракави..........................1 ком..................3 год.

11. Перач на моторни возила

- Летно одело (гумирано или ПВЦ)....1 ком..................1 год.
- Зимско одело (гумирано или ПВЦ)..1 ком..................1 год.
- Летни чевли.......................................1 пар..................1 год.
- Зимски чевли.....................................1 пар..................1 год.
- Кожувче без ракави...........................1 ком..................3 год.
- Ракавици гумени...................................................по потреба
- Кабаница за дожд................................................по потреба
- Гумени чизми.....................................1 пар..................1 год.

12. Автомеханичари

- Летно одело.......................................2 ком..................1 год.
- Зимско одело.....................................2 ком..................1 год.
- Летни чевли (отпорни на нафта)......1 ком..................1 год.
- Зимски чевли (отпорни на нафта)....1 ком..................1 год.
- Заштитна капа...................................1 ком..................1 год.
- Кожувче без ракави..........................1 ком..................3 год.
- Ракавици од техничка кожа..................................по потреба
- Кабаница за дожд................................................по потреба
- Гумени чизми.......................................................по потреба
- Летни блузи.......................................2 ком..................1 год.
- Зимски блузи.....................................2 ком..................1 год.

13. Возач на специјални возила

- Летно одело.......................................1 ком..................1 год.
- Зимско одело.....................................1 ком..................1 год.
- Летни чевли.......................................1 пар..................1 год.
- Зимски чевли.....................................1 пар..................1 год.
- Зимска јакна......................................1 ком..................2 год.
- Летни блузи.......................................2 ком..................1 год.
- Зимски блузи.....................................2 ком..................1 год.

14. Возач на лесни возила

- Административно летно одело........1 ком..................1 год.
- Административно зимско одело…..1 ком..................1 год.
- Летни чевли....................................1 ком..................1 год.
- Зимски чевли..................................1 ком..................1 год.
- Зимска јакна...................................1 ком..................2 год.
- Летни блузи...................................2 ком..................1 год.
- Зимски блузи..................................2 ком..................1 год.

15. Ракувач на градежни машини

- Летно одело....................................2 ком..................1 год.
- Зимско одело..................................2 ком..................1 год.
- Зимска јакна...................................1 ком..................1 год.
- Ракавици од техничка кожа................................по потреба
- Летни чевли....................................1 ком..................1 год.
- Зимски чевли..................................1 ком..................1 год.
- Кожувче без ракави..........................1 ком..................3 год.
- Кабаница за дожд...............................................по потреба
- Летни блузи...................................3 ком..................1 год.
- Зимски блузи..................................3 ком..................1 год.

16. Референт за внатрешна контрола

- Летни чевли....................................1 ком..................1 год.
- Зимски чевли..................................1 ком..................1 год.
- Зимска јакна...................................1 ком..................1 год.
- Летно одело....................................1 ком..................1 год.
- Зимско одело..................................1 ком..................1 год.
- Летни блузи...................................2 ком..................1 год.
- Зимски блузи..................................2 ком..................1 год.

17. Административни работници

- Летни административни одела.........2 ком..................1 год.
- Зимски административни одела........2 ком..................1 год.
- Летни кошули..................................2 ком..................1 год.
- Зимски кошули.................................2 ком..................1 год.
- Летни чевли......................................1 пар..................1 год.

- Зимски чевли....................................1 пар.................1 год.
- Зимски јакни......................................1 ком.................2 год.

Средства за одржување на хигиената на раце, тело и коса, која следува за сите вработени:

- Шампон за коса 400 м.л.....................1 ком.................1 мес.
- Гел за туширање 500 м.л..................1 ком..................1 мес.
- Течен сапун (со пумпица).................1 ком.................1 мес.
- Крема за раце 250 м.л......................1 ком..................1 мес.
- Тоалетна хартија трислојна.............2 ком..................1 мес.
- Хартија за раце.................................2 ком..................1 мес[5].

**Спроведени мерки за превенција од можни ризици на депонија "Дрисла"[6]**

Целокупниот отпад кој се транспортира и прифаќа на депонија "Дрисла" задолжително подлежи под соодветен третман. Во депонијата се врши третман на отпад по пат на депонирање или по пат на согорување.

- **Депонирање на комунален отпад**

Проектираниот волумен на депонијата "Дрисла" изнесува 26.000.000 $m^3$, односно нејзиниот вкупен капацитет изнесува 16.900.000 тони комунален отпад.

[5] Норматив за лични заштитни средства на вработените во "Дрисла"доо-Скопје, Јануари 2014год.
[6] Информација за спроведени мерки за превенција од можни ризици на депонија Дрисла

12



Сл.4 Влез на депонијата[7]

Процесот започнува од влезот на депонијата. Комуналните возила се мерат на вага која се наоѓа на влезот на депонијата и потоа се упатуваат кон предвиденото место за истовар на отпадот.

Откако ќе го истовари отпадот, возилото се упатува кон пералната каде што се пере долниот построј на возилото и неговите пневматици. Вака испраното возило оди на електронската вага и подлежи на второ мерење каде се определува тежината на донесениот отпад. Следна постапка на возилото е напуштање на локалитетот на депонијата.

Градежната машина – утоварувач врши краток пренос на истоварениот отпад, надвор од платформата за истовар и истиот го превзема булдожер кој го носи до предвиденото место и го пласира во слоеви. Градежната машина – компактор на крајот врши набивање на отпадот.

Пред да се започне со депонирањето над природниот терен истиот се чисти од дрвја и грмушки кое се одвива етапно. После оформувањето на претходниот слој, се започнува со депонирање на нов слој. На овој начин се формира телото на депонијата чиј облик е дефиниран од аспект на стабилност на косините.

На најниската точка на депонијата се наоѓа насипна брана (филтер призма). Улогата на филтер призмата е да спречи навлегување на

[7] Физибилити студија за депонија „Дрисла", Август 2011год.

атмосферската вода во ножиците на депониското тело како нејзин најнизок дел. Со тоа се спречува ерозија на ножиците и појава на суфозија.

Депонирањето на отпад се одвива согласно Оперативните градежни планови и регуларните техничко – технолошки процеси согласно кои е проектирана депонијата, со што се исполнуваат законските барања за третман и депонирање на отпад.

## Спалување на медицински отпад

Во рамките на депонијата "Дрисла" има инсталирано инцинератор за спалување на медицинско-инфективен и потенцијално инфективен отпад со придружни објекти и потребна опрема.



Сл.5 Печка за спалување на медицински отпад - инцинератор[8]

Кога возилото со медицински отпад ќе пристигне на депонијата "Дрисла", се врши негово мерење на електронска вага. После мерењето, возилото се движи во правец на инценераторот за согорување каде медицинскиот отпад се истовара на предвиденото место за истовар.

[8] Физибилити студија за депонија „Дрисла", Август 2011год.

По истоварот, возилото подлежи на дезинфекција и перење пред да ја напушти депонијата.



Сл.6 Перална за камиони[9]

Овој медицински отпад не подлежи на привремено складирање, што значи по пристигнувањето на депонијата, во текот на истиот ден тој се третира односно се согорува во инценераторот.

За овој вид на отпад се води прецизна евиденција во која се евидентира доносителот на отпадот, донесените количини, видот на амбалажата во која се носи отпадот итн.

Излезните гасови преку метален оџак се испуштаат во атмосферата. Откако ќе согори отпадот инцинераторот се исклучува, се лади и потоа се собира остатокот од согорувањето (пепелта и згурата) и се депонира на посебна локација определена за овој вид на отпад.

За управување и третманот на отпад во депонија "Дрисла"- Скопје, изготвени се соодветни Упатства и Процедури (согласно Законот за управување со отпад и другите законски и подзаконски акти од оваа област), преку кои се извршуваат техничко-технолошките процеси.

---

[9] Физибилити студија за депонија „Дрисла", Август 2011год.

**Намалување на опасностите за настанување на незгоди и ублажување на последиците при евентуални незгоди**

Бидејќи нашето Друштво има посебно значење за градот Скопје и околината, се наметнува потребата од превземање на потребни мерки и активности кои имаат за цел превентивно да делуваат во насока на спречување на појавите и инцидентите како причина за незгода и итно превземање активности на делување во случаи на нивно настанување.

Депонијата "Дрисла" претставува Инсталација каде што главните активности и природата на работата се одвиваат најчесто на отворен простор, а со тоа лицата кои ги изведуваат редовните работи, лицата за надзор и лицата за поправки и механизацијата, се изложени на влијанијата на природните непогоди како што се: поројни дождови, снег, магла, силен ветер, високи и ниски температури, удари од гром, земјотреси, појава на пожари во околината на депонијата итн.

Во продолжение ќе ги наведеме ризиците за настанување и можните последици од настанувањето на евентуалните незгоди во нашата депонија:

- Незгоди кои можат да бидат предизвикани од природни непогоди,
- Незгоди кои можат да бидат предизвикани од несоодветно одржување на опремата за работа и инсталациите,
- Незгоди кои можат да бидат предизвикани од несоодветна подготовка за работа, непочитување на упатствата за безбедно работење и некористењето на средствата за колективна и лична заштита за време на работењето.

Во самата Инсталација постојат следниве ризици:

- Ризик од елементарни непогоди,
- Ризик од неисправна електрична инсталација,
- Ризик од појава на пожар,
- Ризик од загадувањето на животната средина и
- Ризик по здравјето на вработените

Со цел да се намалат опасностите за настанување на незгоди или да се ублажат последиците при евентуални незгоди, нашето Друштво редовно превзема соодветни техничко-технолошки и организациони активности кои

16

се во наша надлежност, а се во согласност со позитивните прописи од законската регулатива.

Основен предуслов за превземање на соодветни превентивни мерки претставува запознавање на вработените (на сите нивоа) за опасностите од појава на инцидентни случаи, хаварии и несреќи.

**Заштита и активности при природни непогоди**

Во однос на спречување на појавата од поплавување на депонијата, односно спречување на водата од поројните дождови да навлезе во депонископо тело, по периферијата се изградени бетонски – одводни канали кои ги прифаќаат атмосферските води од суводолниците кои гравитираат кон депонископо тело. Овие води потоа се вливаат во потокот "Мечкин дол", а потоа во "Маркова Река". Со обезбедување на стабилноста на косините од депонископо тело и на периферните косини, превентивно се спречува појава на свлечишта.

За случаите на појава на обилни врнежи од снег и појава на мраз, нашето Друштво има обезбедено соодветна механизација и алат за интервенција. Исто така нашето Друштво има изработено Упатство за работа при појава на поголеми врнежи на снег и појава на мраз во нашата депонија што е дадено во прилог бр.1 на крајот од овој План.

**Заштита и активности при појава на пожар**

Како една од нус продуктите на разградбата и минерализацијата на депонираниот отпад се јавува метанот (класицифиран како лесно запаливо и експлозивно соединение во гасна состојба).

Во однос на заштитата од пожари, посебно внимание се обрнува на спречувањето на појава на запалување на отпадот. Имајќи во предвид дека се работи со измешан комунален отпад, нашето Друштво превзема активности согласно упатствата и технолошките постапки уште при самото превземање на отпадот од локациите низ градот и околината. Исто така, редовно се врши контрола на секоја количина на отпад што ќе пристигне на депонијата.

Во однос на превентивната заштита од пожар кај останатиот дел од инсталацијата се превземаат следниве мерки:

- Исправно одржување на електричната инсталација,
- Исправност и редовно одржување на ПП апаратите и ПП хидрантската мрежа,

- Превземање на сите безбедносни мерки при поправки со заварување,
- Одржување на хигиената
- Изградба на систем за евакуација на депонискиот гас (активност од Динамичкиот План за развој на Друштвото предвидена во 2015 година)

Согласно Законот за заштита од пожар нашето Друштво има изготвено План за заштита од пожар што е даден во прилогот бр.2 на крајот од овој План.

Нашето Друштво има инсталацијата која е опремена со технички уреди, средства и опрема за заштита од пожар и тоа со ПП апарати од типот: S-1, S-3, S-9 и S-50. За нив има изготвено упатства за користење што се дадени во прилог бр.3, на крајот од овој План.

**Мерки за намалување на загадувањето од штетните емисии во воздух**

Мерките за намалувањето на загадувањето од емисиите во воздухот главно се состојат во следниве активности:

- Покривање на слојот од компактиран отпад со слој од земја,
- Депонирање на пепелта и згурата од согорениот медицински отпад во посебни ровови,
- Прскање со вода на земјените патишта и миење на улиците во рамките на Инсталацијата.

**Управување и заштита на површинските води**

Низ депонијата протекува поток кој се влива во "Маркова Река". Овој поток е формиран од водите кои се вливаат над локацијата на депонијата. Тоа се води кои најчесто се јавуваат кај суводолниците при поголеми дождови. Оваа вода протекува под самата депонија преку бетонски канал (евакуатор) кој е изграден пред да се отпочне со депонирање на отпадот. Евакуаторот е направен во форма на бетонски тунел со што се овозможува непречено течење на потокот под самата депонија.

**Управување и заштита на подземните води**

Во периодот на изградба на депонијата (1990-1994год), поставена е соодветна подлога составена од глинест, минерален и дренажен слој од природни материјали, при што е водена сметка за задоволување на условите за изградба и работење на една депонија согласно постоечките закони, услови и практики кои се применувале во тој период. Во тој период на изградба превземени се мерки за заштита на подземните води од загадување. Во моментов отпадните води (исцедок) од депонијата се собира во бетонски резервоари и со примена на пумпен систем се враќа во депониското тело.

**Управување и одложување на исцедокот**

Во 2011 год. е изведена санација на дренажната призма и дел од завршната косина на депониското тело.

Филтратот кој се јавува зад призмата во ножницата на низводната косина на депонијата се зафаќа со дренажни цевки и се собира во два армирано-бетонски меѓусебно поврзани резервоари (таложници). Потоа преку пумпа и распрскувачки систем од црева се враќа на депониското тело. На тој начин се обезбедува циркулација на отпадните исцедоци и воедно се заштитуваат подземните и површинските води од загадување.

Во резервоарите се врши таложење на суспендираните честички од филтратот. Талогот кој се создава во резервоарот се чисти периодично и се носи на одредени локации на депонијата.

**Градежно – технички активности во врска со стабилизација и санација на депонијата**

Во периодот 2011-2012год. превземени се следниве активности:

- **Стабилизација на низводна косина**

  Со реализација на ова техничко решение целосно е спречен процесот на ерозија на низводната косина и берми и нивна стабилизација и обезбедување на минимален фактор на сигурност на депонијата

- **Каптирање на извор и времен одвод на вода надвор од депонијата**

  Со реализација на овој технички проект за каптирање на изворот се зафаќа инфилтрираната вода од хидроколекторските слоеви, се исушува мочуриштето и истата се одведува надвор од телото на депонијата со соодветен цевковод.

- **Третман на исцедокот од депонијата и санација на филтер призма**

  Со реализација на ова техничко решение целосно се собира филтратот во базени и истиот повторно се враќа во депонијата. Со тоа се спречува загадување на површинските води кои влегуваат во "Маркова Река" и се забрзува процесот на стабилизација на депонијата.

- **Санација на просторот околу трасата на изворот**

  Со ова техничко решение извршена е санација на просторот околу заезерената вода во телото на депонијата и планирање на постоечкиот смет, покривање на истиот и изведба на косини со земја до трасата за зафаќање на изворот.

Овие превземени градежно-конструктивни активности директно влијаат врз спречувањето на штетните влијанија врз животната средина со што се исклучува можноста за загадување на површинските и подземните води и почвата во непосредна и посредна близина на депонијата.

Врз основа на донесениот Правилник за начинот и постапката за работа следење и контрола на депонијата за време на работењето од Министерството за животна средина и просторно планирање,нашето Друштво, депонијата "Дрисла" , имаме обврска да вршиме мониторинг на површинските, подземните води и емисијата на гасови.

Од тие причини во нашето Друштво е формирано Одделение за лабораторија кое е задолжено за вршење мониторинг на води, емисија на гасови, дезинфекција на санитарната вода, административен и депониски дел и рециркулација на отпадните води.

За оваа намена Лабораторијата располага со соодветни мерни инструменти, а мерењата се вршат согласно Месечен план за работа.

**Мониторинг на вода и воздух**

За потребите на Мониторинг на вода и воздух, нашето Друштво има ангажирано акредитирани лаборатории и тоа:

- Централна лабораторија при Министерството за животна средина и просторно планирање, која врши мониторинг на површински и подземни води на локалитетот "Дрисла".
Вкупниот проектиран волумен на депонијата Дрисла е 26.000.000 $m^3$, односно нејзиниот вкупен капацитет изнесува 16.900.000 тони комунален отпад.
Процесот започнува од влезот на депонијата. Комуналните возила се мерат на вага ( Слика бр. 1 ) која се наоѓа на влезот на Инсталацијата.



Слика бр.1 - Камионска вага со командна кабина на влезот на депонијата Дрисла

По мерењето, возилата се движат во правец на депонијата кон предвиденото место за истовар на отпадот. Патеката на движење на возилата со комунален отпад е дадена на Слика бр. 2.




Слика бр. 2 - Патека на движење на возилата со комунален отпад

Истоварот на отпад се врши кај работното чело на претходно изведена секција. Откако ќе го истовари отпадот, возило се носи во перална каде што се мие долниот строј и пневматиците на возилото.

Откако ќе се измие возилото, тоа се упатува кон електронската вага и подлежи на второ мерење каде се определува тежината на донесениот отпад. Потоа возилото го напушта локалитетот на депоинијата.

Градежната машина–утоварувач врши краток пренос на истоварениот отпад, надвор од платформата за истовар и истиот го превзема булдожер кој го носи до предвиденото место и го планира во слоеви. По ова, градежната машина–компактор врши набивање на отпадот. (Слика бр. 3 ).



Слика бр. 3 - Планирање и набивање на отпадот

Депонирањето на отпадот се одвива во слоеви со вкупна висина од 2,5 метри. Од нив 2,2 метри е набиен смет а 0,3 метри е инертен материјал (земја). На следната слика даден е шематски пресек на депониски слој.




Слика бр. 4 - Пресек на депониски слој

Пред започнување на депонирањето над природниот терен, истиот се чисти од дрвја и грмушки кое се одвива етапно. По целосно оформување на претходниот слој, се отпочнува со депонирање на нов слој. На таков начин се формира телото на депонијата чиј облик е дефиниран од аспект на стабилност на косините.

Телото на депонијата генерално се состои од плато кое е поврзано со природниот терен преку косини. На Слика бр. 5, даден е подолжен пресек на депонијата Дрисла со обликот на косините во однос 1 : 2,9, кои заради ублажување на нагибот на секои 10 метри висинска разлика имаат хоризонтален дел т.н берма со ширина од 5 м. На овој начин се добива конечна косина од 1 : 3,3.




Слика бр. 5 - Завршни косини од депониските слоеви.

10





Слика бр. 6 - Депониски слоеви



Слика бр. 7 – Завршни косини и берми

На најниската точка на депонијата се наоѓа насипна брана (Филтер призма), која е составена од два дела:

- Крупнозрнест чакал и крупнозрнест песок (тело на филтер призмата)
- Крупнозрнест песок (филтерски слој)

Улогата на филтер призмата е да го спречи навлегување на атмосферската вода во ножиците на депониското тело како нејзин најнизок дел. Со тоа се спречува ерозија на ножиците и појава на суфозија.

Најниската точка на депонијата, круната на филтер призмата, се наоѓа на 320 м.н.в. додека највисоката проектирана точка на телото на депонијата, односно платото, се наоѓа на 440 м.н.в. Висинската разлика е 120 метри. Површината на платото во завршната фаза треба да изнесува 33 хектари.

### 3.2. Спалување на медицински отпад

Во рамките на депонијата Дрисла има инсталирано инцинератор за спалување на медицинско-инфективен и потенцијално инфективен отпад со придружни објекти и потребна опрема.
Кога возилото со медицински отпад ќе пристигне на депонијата Дрисла, се врши негово мерење на електронската вага.
По мерењето, возилото се движи во правец на инценераторот за согорувaење каде медицинскиот отпад се истовара напредвидено место за истовар.




Слика бр 8 - Патека на движење на возилата со медицински отпад

По истоварот, возилото подлежи на дезинфекција и миење пред да ја напушти депонијата Дрисла.



Слика бр 9 – Инцинератор



Слика бр 10 - Надградба на оџакот на инценераторот

Медицинскиот отпад не подлежи на привремено складирање. Штом отпадот ќе пристигне на депонијата, во текот на истиот ден тој се третира – се согорува во инценераторот.
За овој вид на отпад се води точна евиденција во која се евидентира доносителот на отпадот, донесените количини, видот на амбалажата во која се носи отпадот итн.
Постројката за спалување како гориво користи плин.
Оваа постројка е со две комори. Примарната комора служи за согорување на отпадот, а во секундарната комора се врши оксидација на отпадните гасови и чадот. Доводот на воздух во примарната и секундарната комора се врши со помош на центрифугален вентилатор.
Откако ќе согори отпадот инценераторот се исклучува, се лади и потоа се собира остатокот од согорувањето (пепелта и згурата) и се депонира на посебна локација на депонијата.
Во јануари 2019 година направена е санација на инценераторот при што на оџакот е поставен филтер за пречистување на издувните гасови ( Слика бр. 10 )

## 4. Процедури за итни случаи

Значењето кое го има депонијата Дрисла, особено за скопското подрачје, ја наметнува потребата од страна на Операторот за превземање на потребни мерки и активности кои имаат цел да делуваат превентивно во смисла на спречување на појава на инциденти и/или итно реагирање во случаи на нивно настанување.

Депонијата Дрисла претставува Инсталација каде главните активности се одвиваат на отворен простор, така што целокупната механизација, лицата кои се присутни на депонијата заради изведување на редовните работи, лицата за надзор, за разни поправки итн. се изложени на влијанијата на природните непогоди: невреме проследено со силен ветер, поројни дождови, снег, удар на гром, магла, појава на земјотрес, појава на лизгање на земјиштето, ниски и високи темпратури, опасност од појава на пожари во непосредната околина (во сушните периоди на годината) и др.

### *4.1. Дефинирање на ризиците*

При дефинирањето на ризиците, земени се во предвид причините за настанување на истите, како и можните последици од настанување на незгоди. Во депонијата Дрисла тоа претставуваат следниве причини:

- Незгоди кои можат да настанат како резултат на природни непогоди,
- Незгоди кои можат да настанат како последица на несоодветна подготовка за работа, непочитување на упатствата за безбедно работење и некористење на сретствата за колективна и лична заштита за време на извршување на работните активности,
- Незгоди кои можат да настанат како последица на несоодветно одржување на опремата за работа и инсталациите.

Во самата Инсталација постојат следниве ризици :

- Ризик од елементарни непогоди,
- Ризик од појава на пожар (внатрешни и надворешни пожари)
- Ризик од неисправна електрична инсталација,
- Ризик од прскање на цевна инсталација, протекување на резервоари.

Со цел да се намалат опасностите за настанување на незгоди или да се ублажат последиците при евентуалните незгоди, Операторот редовно превзема соодветни техничко-

технолошки и организациони активности кои се во негова надлежност, а се во согласност со законската регулатива.
Основен предуслов за превземање на соодветни превентивните мерки претставува запознавање на вработените (на сите нивоа) за опасностите од појава на инцидентни случаи, хаварии и несреќи

### *4.2. Заштита и активности при природни непогоди*

Во однос на спречување на појавата од поплавување на депонијата, односно спречување на водата од поројните дождови да навлезе во депониското тело, по периферијата се изградени бетонски - ободни канал кои ги прифаќаат атмосферските води од суводолниците кои гравитираат кон депониското тело. Овие води потоа се вливаат во потокот Мечкин Дол, а потоа во Маркова Река. Со обезбедување на стабилноста на косините од депониското тело и на периферните косини превентивно се спречува појава на свлечишта.



Слика бр. 10 – Ободни канали




Слика бр. 11 - Правец на одведување на атмосферските води околу депонијата

За случаите на појава на обилни врнежи од снег и појава на мраз, Операторот има обезбедено соодветна механизација и алат за интервенција. Исто така, Операторот има изработено „Упатство за работа при појава на поголеми врнежи на снег и појава на мраз во депонија Дрисла".

### 4.3. *Заштита и активности при појава на пожар*

Во однос на заштитата од пожари, посебно внимание се обрнува на спречувањето на појава на запалување на отпадот. Имајќи во предвид дека се работи со измешан комунален отпад, Операторот превзема активности согласно упатствата и технолошките постапки уште при самото превземање на отпадот од локациите низ градот и околината. Исто така, редовно се врши контрола на секоја количина на отпад што ќе пристигне на депонијата.

Во однос на превентивната заштита од пожар кај остантиот дел од инсталацијата се превземаат следниве мерки:

- Исправно одржување на електричната инсталација,
- Исправност и редовно одржување на ПП апаратите и ПП хидрантската мрежа
- Превземање на сите безбедносни мерки при поправки со заварување,
- Одржување на хигиената

**План за заштита од пожар**

Согласно Законот за заштита од пожар, Операторот има изготвено „План за постапка во случај на пожар и во вонредни ситуации".

**ПП Апарати**

Инсталацијата е опремена со технички уреди, сретства и опрема за заштита од пожар и тоа со ПП апарати од типот: S-1; S-3; S-9 и S-50. За нив има изготвено упатства за нивно користење.

### 4.4. *Останати мерки и активности*

Во однос на спречување на последиците од појава од протекување на резервоарите за гориво (гориво за постројката за согорување на медицински отпад и дизел гориво) предвидена е изградба на собирни бетонски базени под самите резервоари.

Со редовна контрола и навремени поправки и ремонти на опремета, како превентивна мерка, се обезбедува спречување на хаварии со штетни влијанија врз луѓето и животната средина. Совесното и квалитетно работење на секој вработен ја намалува можноста од појава на несакани ситуации.

Во согласност со законските обврски, Операторот организира редовна обука на вработените од областа на безбедност при работа, ПП заштита и прва помош.

## 5. *Контрола на прашината и суспендирани честички во воздухот*

Емисија на земјена прашина во депонијата се јавува во сушните периоди на годината. Тоа е резултат на движење на возилата – камиони по внатрешните земјени патишта и свртлишта, како и при планирањето и покривањето со земјен материјал на градежната механизација Исто така појава на прашина има заради влијанието на ветерот во рамките на депонијата. Заради смалување на оваа појава, Операторот врши редовно набивање на земјениот слој, како и прскање со вода и миење на улиците во рамките на Инсталацијата.

Појавата на земјена прашина главно е концентрирана во рамките на самата депонија и нема значајно влијание врз животната средина надвор од границите на Инсталацијата.

### 5.1. *Мерки за намалување на загадувањето од емисиите во воздух*

Мерките за намалување на загадувањето од емисиите во воздухот главно се состојат во следните активности:

Покривање на слојот од компактиран отпад со слој од земја. Депонираниот отпад со градежна машина-компактор се набива во слој од 2,2 метри, а потоа со помош на булдозери се покрива со слој од земја во слој од 0,3 метри (Слика бр.10 ). На таков на чин се намалува емисијата на мирис од отпадот, како и негово разлетување под влијание на ветерот. Исто така, редовно се врши набивање на покривниот слој од земја, заради смалување на фугитивната емисија на земјена прашина.



Слика бр 12 - Компактирање на отпадот и негово покривање со земја

Депонирање на пепелта и згурата од согорениот медицински отпад во посебни ровови. Пепелта и згурата кои се создаваат при согорување на медицинскиот отпад од инцинераторот се носи на посебен дел од депонијата. Тие се одлагаат во претходно ископани ровови, на места одвоени од одлагалиштето на комуналниот отпад за да не дојде до евентуално негово запалување. Рововите се затрупуваат со слој од земја, со што се спречува разлетување на пепелта.

Прскање со вода на земјените патишта и миење на улиците во рамките на Инсталацијата. Имено, со цел да се намали појавата на прашина, особено во сушните периодина годината, Операторот врши прскање со вода на земјените патишта и миење на улиците во рамките на Инсталацијата.

## 6. ***Управување и заштита на површинските води***

Низ депонијата протекува поток кој се влива во Маркова Река (Слика бр. 11 ). Овој поток е формиран од водите кои во него се вливаат над локацијата на депонијата. Тоа се води кои најчесто се јавуваат кај суводолниците при поголеми дождови. Оваа вода протекува под самата депонија преку бетонски канал (евакуатор) кој е изграден пред да се отпочне со

депонирање на отпадот. Евакуаторот е направен во форма на бетонски тунел (Слика бр.12) со што се овозможува непречено течење на потокот под самата депонија.
Во потокот се вливаат и водите кои се собираат од изградените периферни канали околу локацијата на депонијата.




Слика бр 13 - Местото каде што се собираат отпадните води од е обележено со ознака W1




Слика бр. 14 - Бетонски канал (евакуатор)

## 7. Управување и заштита на подземните води

Квалитетот и составот на подземните води во депонија Дрисла се следи само преку 2 пиезометри. Редовните анализи и испитувања покажуваат дека нема значителни загадување на подземните води.
Во периодот на изградба на депонијата ( 1990 – 1994 година ) поставена е соодветна подлога составена од глинест, минерален и дренажен слој од природни материјали, при што е водено сметка за задоволување на условите за изградба и работење на една депонија согласно постоечките закони, услови и практики кои се применувале во тој период. Во тој период на изградба превземени се мерки за заштита на подземните води од загадување.

Согласно постоечката состојба на депонијата потребно е да се конструира соодветен мрежен систем од минимум три пиезометри на потег од дренажната брана по потокот Мечкин Дол до вливот на потокот во Маркова река. Тој дел претставува потенцијал за можни загадувања од депонискиот исцедокот.

Во моментот отпадните води ( исцедок ) од депонијата се собира во бетонски резервоари и со примена на пумпен систем се враќа на депониското тело.




Слика бр. 15 – Резервоари за собирање на отпадни исцедителни води

## 8. Управување и одложување на исцедокот

Во 2011 година е изведена санација на дренажната призма и дел од завршната косина на депониското тело.

Филтратот кој се јавува зад призмата во ножницата на низводната косина на депонијата се зафаќа со дренажни цевки и се собира во два армирано - бетонски меѓусебно поврзани резервоари ( таложници ). Потоа преку пумпа и распрскувачки систем од црева се враќа на депониското тело. На тој начин се обезбедува циркулација на отпадните исцедоци и воедно се заштитуваат подземните и површински води од загадување.

Во резервоарите се врши таложење на суспендираните честички од филтратот. Талогот кој се создава во резервоарот се чисти периодично и се носи на одредени локации на депонијата.
Ова е само времено решение а понатака се планира да се изгради соодветен систем за пречистување на отпадните води од депонијата.

## 9. *Програма за мониторинг*

Дел од мониторингот на животната средина во депонија Дрисла се спроведува преку одделението за Лабораторија. Одделението за Лабораторија има изработено Програма за работа во која активностите се поделени на три дела:

1. **Мониторинг на води** (санитарни, површински и подземни), контрола на емисии на гасови и хлорирање на локален водоснабдителен објект

Мониторингот на води ги опфаќа површинските води (атмосферски врнежи, вода од евакуатор, вода од перална, поток Мечкин дол, Маркова река) и подземни води (три пиезометри-еден во рамките на депонијата и два надвор од границите на депонија Дрисла), санитарната вода (нехлорирана вода од бунари во близина на Маркова река) се контролира и хлорира секојдневно. Лабораторијата на Центарот за јавно здравје Скопје како акредитирана лабораторија врши мерење еднаш во месецот на санитарната вода.

Врз основа на Правилникот за гранични вредности на емисии при горење и согорување на отпад и услови и начин на работа на инсталации за горење и согорување во депонијата Дрисла се врши мониторинг на емисија на гасови кои се создаваат при согорување на медицинскиот отпад. Лабораторијата во Дрисла нема инструменти за мерење на емисија на гасови и затоа за оваа намена има договор со акредитирана Лабораторија (Технолаб Скопје).

Сопствената лабораторија не е акредитирана, таа е од интерен карактер преку која постојано се прати квалитетот на овие води. За дополнителни испитувања депонијата Дрисла ангажира акредитирани лабораторија

2. **Санитарна заштита** на депонискиот и административен простор (дезинфекција, дератизација и дезинсекција)

Санитарната заштита се одвива преку цела година и опфаќа:
- Секојдневна дезинфекција на административен простор,
- Дератизација на административен и деponиски дел,
- Дезинсекција (авионска и со моторна пумпа) на административен и депониски дел

3. **Управување со отпадни води** (станица за рециркулација на отпадни води)

Целата отпадна вода од веќе депониран отпад и површинска отпадна вода од последниот слој се зафаќа со систем на отворени бетонски и земјени канали и се одведува во резервоари за таа намена. Во нив се врши првично таложење. Во помошни комори со потопни пумпи за агресивна средина се врши враќање на отпадна вода во депонија. Талогот што се создава во резервоарите со специјални возила се исцрпува и се враќа во депонијата Дрисла



Слика бр.16 – Инструменти од лабораторијата на депонија Дрисла

### 10. *Долгорочни цели и активности на ЈП депонија Дрисла*

Основна долгорочна цел на ЈП депонија Дрисла е воведување на современ мониторинг систем, кој е всушност и основа за воведување на интегриран систем за управување со отпад во депонијата. Овој мониторинг систем ќе овозможи:

- примарно:
  - следење на емисиите на токсичните компоненти во природните медиуми (воздух, вода, почва ),
- секундарно:
  - следење на функционирањето на депонијата;
  - успешно спроведување на технологијата на санитарно депонирање; и
  - постигнување на потребната заштита на животната средина и заштита на вработените на депонијата.

Долгорочни цели се:

1. Изведба и ставање во функција на постројка за пакување на отпад, со полу-автоматска сепарација на метали кои содржат, и метали кои не содржат железо, интегрирана со линија за рачна сепарација на пластика со цел да се искористат повторно обновливите секции преку рециклирање, а која ќе овозможи да се намали волуменот на отпадот кој ќе биде одложуван на депонијата и ќе го намали создавањето на исцедокот.

2. Првични мерки за санација на депонијата кои се состојат од интервенции за обезбедување на депонијата со систем за собирање на депонискиот биогасот како и зафати за прифаќање и третирање на исцедокот
3. Полу-автоматска постројка, за сортирање, селекција и третирање на комунален отпад и отпад сличен на комуналниот, со искористување на одвоените фракции и производство на RDF ( Refuse Derived Fuel ), со капацитет од над 250.000,00 тони /годишно.
4. Постројка за компостирање на отпад од зеленило и соодветна постројка за производство на високо квалитетен компост.
5. Постројка за третирање на инертен отпад, или отпад кој произлегува од градежната оператива и уривања, со искористување на повторно обновливите фракции од истиот.
6. Дигитализација на деловните процеси и процесите на смет на депонија Дрисла, што вклучува документациски, фото и видео записи од влезот на отпадот до и на место на третман на отпадот.

Откако ќе завршат овие интервенции, изградените постројки ќе бидат во можност да рециклираат над 70% од влезниот отпад и ќе обезбедат максимална флексибилност, а што е најважно намалено влијание врз животната средина, со ниска потрошувачка на енергија, главно со користење на енергијата генерирана од постројката за биогас, дополнети со фотоволтаична постројка за производство на енергија со соодветна големина.

За реализирање на претходно наведените активности, предвидени се трошоци за:

- Експлоатација на мобилна депониска механизација;
- Снабдување со горива, енергети и резервни делови;
- Одржување на објекти, градежни машини, опрема и енергетски системи;
- Опслужување на работа и одржување на системите за зафаќање и третман на филтрат, депониски гас и на површински и подземни води;
- Користење на мониторинг систем, узоркување и лабораториско испитување на мостри од вода, гас, цврст отпад;
- Трошоци за плати и надоместоци за работната сила и техничката и административна управа.

*10.1. Еколошки ефекти кои ќе произлезат од реализација на планиранит активности*

- Како резултат на спроведените активности ќе настанат следните ефекти:
- Намалување на ризикот по здравјето на луѓето што живеат во руралните населби во близина на депонијата;
- Анулирање на можностите за појава на болести од недефинирано потекло како резултат на опасното делување на токсични и инфективни материи од индустрискиот и медицинскиот отпад кои ги прифаќа и згрижува санитарната депонија;
- Конзервирање на природните ресурси со претворање на одредени фракции на цврстиот отпад во употребливи суровини и производи по пат на рециклажа;
- Анулирање на потребата од нов земјишен простор за проширување на депонијата преку рационално искористување на предностите што ги нудат природните карактеристики и расположливата инфраструктура на локалитетот на депонијата;
- Индиректна заштеда на необновливите извори на енергија преку наменска употреба на топлотна енергија што се ослободува при согорување на депониски гас и медицински и друг вид согорлив отпад;
- Помала емисија на загадувачки супстанции при рециклажа на отпадот, во споредба, во случај на производство на метали, хартија, стакло и пластика од примарни минерални и други суровини;

- Драстично смалување на загадувањето со физичко елиминирање на неконтролиран продор на филтрат и депониски гас во екосистемот; и
- Индиректо позитивни ефекти во урбаните и другите средини, поради подобрување на квалитетот на живеење и продуктивноста на трудот како резултат на навремено и еколошки безбедно прифаќање и згрижување на комуналниот и медицинскиот отпад во рамките на депонијата Дрисла.

*11. Запис на целокупниот оптад кој е одложен на депонијата*

| месец | Година | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 1995 | 1996 | 1997 | 1998 | 1999 | 2000 | 2001 | 2002 | 2003 | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 |
| *I* | 356 | 326 | 8 271 | 9 711 | 9 713 | 9 436 | 10 965 | 8 501 | 10 900 | 9 812 | 10 186 | 9 437 | 10 467 |
| *II* | 3 123 | 390 | 9 212 | 9 480 | 8 828 | 10 932 | 10 436 | 11 867 | 8 842 | 9 211 | 9 804 | 8 694 | 9 405 |
| *II* | 2 655 | 448 | 11 746 | 10 912 | 12 890 | 13 381 | 12 517 | 13 376 | 11 520 | 12 329 | 13 839 | 11 636 | 11 781 |
| *IV* | 96 | 507 | 11 423 | 11 711 | 12 627 | 13 416 | 12 063 | 14 078 | 13 981 | 12 393 | 13 517 | 12 591 | 11 612 |
| *V* | 80. | 1 200 | 17 944 | 11 469 | 10 518 | 14 074 | 12 957 | 14 352 | 12 075 | 13 173 | 14 092 | 12 886 | 12 110 |
| *VI* | 43 | 2 798 | 14 155 | 12 017 | 7 646 | 15 768 | 10 261 | 12 302 | 12 111 | 12 894 | 14 059 | 13 106 | 11 902 |
| *VII* | 101 | 14 467 | 14 871 | 12 297 | 16 479 | 19 550 | 11 630 | 15 168 | 13 429 | 15 899 | 14 569 | 14 476 | 12 243 |
| *VIII* | 9 959 | 8 769 | 13 016 | 13 247 | 13 853 | 14 175 | 11 747 | 15 898 | 13 103 | 14 920 | 14 259 | 14 223 | 11 483 |
| *IX* | 10 944 | 892 | 12 327 | 12 919 | 14 757 | 14 162 | 12 524 | 14 669 | 13 005 | 13 334 | 14 463 | 13 953 | 11 638 |
| *X* | 290 | 83 | 12 868 | 14 663 | 14 614 | 14 639 | 14 025 | 13 575 | 13 468 | 13 398 | 14 336 | 13 357 | 12 843 |
| *XI* | 294 | 119 | 14 400 | 11 099 | 14 170 | 14 113 | 12 334 | 12 688 | 12 227 | 13 749 | 13 090 | 12 078 | 12 041 |
| *XII* | 275 | 24 356 | 11 807 | 10 070 | 12 455 | 11 899 | 7 546 | 12 122 | 10 642 | 12 122 | 12 001 | 11 001 | 10 003 |
| вкупно | **28 217** | **54 361** | **152 042** | **139 598** | **148 552** | **165 546** | **139 006** | **158 596** | **145 306** | **153 234** | **153 234** | **158 215** | **147 438** |

| месец | година | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 |
| *I* | 9 768 | 9 691 | 8 856 | 9 981 | 10 139 | 11 175 | 11 566 | 12.104 | 12.614 | 13.726 | 15.494 | 14.045 |
| *II* | 9 983 | 9 309 | 9 188 | 9 600 | 9 160 | 10 429 | 11 274 | 11.631 | 12.733 | 17.587 | 13.899 | 18.166 |
| *II* | 12 492 | 11 520 | 11 436 | 12 059 | 13 383 | 12 116 | 13 458 | 15.046 | 14.592 | 20.050 | 17.066 | 22.131 |
| *IV* | 11 967 | 13 355 | 11 943 | 12 500 | 12 493 | 14 003 | 13 903 | 13.904 | 15.374 | 18.807 | 19.320 | 17.850 |
| *V* | 12 215 | 13 383 | 11 128 | 13 275 | 13 073 | 13 461 | 14 638 | 14.069 | 15.509 | 17.222 | 19.375 | 18.323 |
| *VI* | 12 230 | 13 899 | 11 652 | 12 929 | 12 186 | 12 186 | 13 702 | 14.061 | 18.955 | 16.855 | 21.189 | 17.045 |
| *VII* | 14 112 | 15 127 | 12 890 | 14 581 | 12 659 | 14 501 | 16 823 | 15.087 | 20.309 | 19.181 | 21.325 | 19.391 |
| *VIII* | 13 213 | 13 693 | 11 979 | 14 615 | 12 730 | 13 379 | 15 359 | 16.074 | 18.069 | 20.038 | 20.059 | 19.502 |
| *IX* | 12 550 | 13 076 | 11 868 | 13 995 | 12 680 | 16 500 | 14 992 | 14.992 | 16.514 | 21.451 | 17.893 | 20.485 |
| *X* | 13 821 | 13 035 | 12 549 | 13 796 | 15 539 | 12 829 | 15 242 | 16.347 | 17.979 | 22.244 | 18.761 | 21.022 |
| *XI* | 11 929 | 12 664 | 13 390 | 12 987 | 13 902 | 13 480 | 13 781 | 15.840 | 16.189 | 21.078 | 18.096 | 19.653 |
| *XII* | 11 338 | 10 905 | 11 331 | 11 465 | 11 783 | 11 667 | 12 895 | 13.525 | 17.166 | 18.997 | 17.222 | 18.574 |
| **вкупно** | **137 528** | **145 618** | **149 663** | **138 217** | **151 791** | **155 732** | **167 639** | **172.679** | **196.003** | **227.236** | **219.699** | **226.187** |

Во депонија ДРИСЛА отпадот влегува и се прифаќа пропратен со Идентификационен и Транспортен формулар. По приемот на отпадот се издава Вагарска Белешка кој документ служи за наплата на услугата за прием и третман на соодветен вид на примен отпад.
Истот така во ЈП депонија Дрисла се изготвуваат неделни и месечни извештаи за секој вид на отпад и тоа од:

- одделение за прием на отпад ( комунален отпад, инертен отпад и отпад кој содржи азбестни компоненти );
- оддел на референти за уништување на отпад ( неопасен индустриски отпад кој подлежи на третман по пат на депонирање и согорување ).
- одделение за транспорт на медицински отпад ( медицински отпад собран и транспортиран до депонија Дрисла со сопствени возила )
- одделение за согорување на медицински отпад ( согорен медицински отпад донесен со возило на странската )

На крај на секоја година се изготвува „Годишен Извештај за депонии" согласно „Правилникот за формата и содржината на дневникот за евиденција за постапување со отпад, формата и содржината на формуларите за идентификација и транспорт на отпадот и формата и одржината на обрасците за годишен извештај за постапување со отпад" ( Службен весник на РМакедонија ).

### *12. Затворање и реставрирање*

Депонијата Дрисла после пополнувањето на вкупниот капацитет треба да биде затворена за депонирање, да и се изврши ремедијација на завршните слоеви на депонијата и да биде контролирана во определен период после затворањето. Овие барања произлегуваат од Законот за управување со отпад во чл. 92 и 93 (Службен Весник на РМ бр.68/04) а параметрите кои треба да се следат за време на затворањето на депонијата и за време на грижата после затворањето се дадени во подзаконскиот акт "Правилник за начинот и постапката за работа следење и контрола на депонијата за време на работењето, следење и контрола на депонијата во фазата на затворање и натамошна грижа за депонијата после затворањето, како и начинот и и условите за грижа за депониите откако тие ке престанат да работат" (Службен Весник на РМ бр 156/07).
Постапките за следење на работењето на депонијата во фазата на затворање и грижа после затворањето на депонијата се прават заради следните причини:

- Дали постапките во депонијата се изведуваат според предвиденото и согласно со програмата за управување со отпад
- Дали системите за заштита на животната средина во целост функционираат според предвиденото и во согласност со програмата за управување со отпад
- Дали се исполнети условите од интегрираната еколошка дозвола за депонија согласно прописите за заштита на животната средина

Следењето на работењето на депонијата во фаза на затворање и грижа после затворањето на депонијата се извршува по пат на:

- Прибирање на метеоролошки податоци
- Следење и контрола на параметрите за емисиите во воздухот, водите, исцедокот и контролата на гасот од депонијата
- Параметрите за промена на составот на подземните води

- Следењето на состојбата, структурата и составот на локацијата каде што се наоѓа депонијата

За висока заштита на животната средина од потенцијално негативното влијание на депонијата Дрисла потребни се мерки на ремедијација на депонијата.

### 12.1. *Генерални методи за ремедијација на депонии за комунален отпад*

Основата за завршните покривни слоеви на депонии за неопасен отпад е дадена во Директивата за депонирање 31/99/ЕС и во Правилник за условите кои треба да ги исполнуваат депониите (чл.15, ст.1) каде се дадени минималните барања за потребните елементи за завршниот слој. Дадени се по следниот редослед:

| | |
|---|---|
| Дренажен систем за депониски гас | потребно |
| Вештачки заптивен материјал | не е потребно |
| Водонепропусен минерален слој | потребно |
| Дренажен слој > 50 cm | потребно |
| Завршна покривка од земја > 1 m | потребно |

Врз основа на овие барања и од аспект на минимизација на трошоците можат да се групираат четири видови на постапки за ремедијација кои се меѓусебно поврзани и тоа:

1. Земјени работи и уредување на обликот на депонијата
2. Формирање на водонепропусни и покривни слоеви
3. Собирање и одведување на депонискиот гас
4. Останати инсталации поврзани со локацијата на депонијата

Врз основа на капацитетот на депониите може да се формираат три класи на депонии каде ќе се применуваат пооделни елементи за ремедијација:

- I класа: Депонии со капацитет помал од 3.000 m3
- II класа: Депонии со капацитет од 3.000 – 100.000 m3
- III класа: Депонии со капацитет од 100.000 – 500.000 m3
- III1 класа: Депонии со капацитет над 500.000 m3

Од погоре изнесеното значи дека депонијата Дрисла спаѓа во класата III1 и нејзината ремедијација треба да биде изведена со примена на сите предложени методи со исклучок на првиот метод заради тоа што обликот на телото на депонијата е дефиниран и е во согласност со критериумот за максимална збиеност на отпадот и максимална стабилност на косините.
Методот за ремедијација на депонијата Дрисла ќе ги содржи следните елементи:

### 12.2. *Формирање на водонепропусни и покривни слоеви*

- Слој за собирање и одведување на депонискиот гас (крупнозрнест чакал со дебелина на слој од 50 cm);
- Поставување на слој од изолационен минерален материјал (глина или вештачки материјал );
- Набивање и контрола на квалитетот на минералниот слој (2 x 25 cm дебелина и k < 1×10-9 m/s);
- Одвојувачки слој од геотекстил (400 g/m2);
- Дренажен слој за собирање на атмосферска вода изграден од чакал (50 cm, k > 10-4 m/s);

- Припрема и набивање на земјена покривка на завршната површина со хумус;
- Распределување на хумусот на завршната површина со фина обработка;
- Засадување на трева над завршниот слој на депонијата;

*12.3. Собирање и одведување на депонискиот гас*

- Изградба на бунари за собирање на депониски гас со бушење;
- Цевки за извлекување на депонискиот гас (DN80 KPE);
- Цевки за извлекување на депонискиот гас (DN100 KPE);
- Изградба на цевки и шахти за одвојување на кондензираната вода од депонискиот гас;
- Опрема за извлекување на депонискиот гас со пропратни цевки, кабли итн.
- Опрема за горење на депонискиот гас.

Од следната група на активности (Останати инсталации поврзани со локацијата на депонијата) за депонијата Дрисла е релевантно следното:

- Засадување на дрвја во ровови;
- Изградба на бунари за мониторинг со добро изолирани глави на цевките посебно за контрола и тестирање на водите.

### *13. Управување по затворањето на депонијата*

За време на фазта за грижа за депонијата операторот на депонијата или властите кои ја превземаат одговорноста за ремедијацијата на депонијата Дрисла ќе бидат одговорни за одржување, мониторинг, контрола и следење на ремедијацијата и превземените мерки за изолација и воопшто ситуацијата на животната средина онолку долго колку што треба да биде земајќи ја во обзир временскиот период за кој депонијата може да претставува ризик.

Различните активности на одржување, мониторинг, контрола и следење на депонијата во периодот на грижа после затворањето можат да бидат:

- Собирање и третман на филтратот и следење на квалитетот на филтратот;
- Одржување на постројката за третман на филтратот и/или транспортниот систем за стиот;
- Следење на режимот на подземните води во близина на локацијата на депонијата;
- Собирање и третаман на депонискиот гас и контрола на неговиот квалитет;
- Одржување на опремата за депонискиот гас;
- Следење и одржување на завршното покривање и било која друга изолација или следење на потребните долготрајни и инсталирани мерки за ремедијација .

Изготвил:
Бранкица Андоновска

Дрисла
Скопје
Shkup
1
Drislla

В. Д. Директор

Коста Начевски